Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за животната средина во Општина Битола
## за 2026 година

ВОВЕД

**„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“, се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.**

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

Определба на Општина Битола е подобра животна средина за сите граѓани, како и подобри услови за живот во сите урбани заедници, во согласност со принципите на одржливост.

## 1.ПОЧЕТНА СОСТОЈБА И КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ

### 1.1Извори на податоци

За подготовка и следење на Програмата се користат податоци и информации од:

• Државната мрежа за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух.

• ЈП Комуналец.

• Инспекторат на Општина Битола, овластени инспектори за животна средина.

• Центар за јавно здравје Битола.

• Постојни стратешки документи и планови на Општина Битола.

### 1.2 Клучни проблеми по области

• **Амбиентен воздух -** Оптоварување во грејна сезона, со влијание од индивидуално затоплување,сообраќај и локални извори.

• **Отпад -** Потреба од подобрен систем за селекција, намалување на диви депонии, уредување на јавен простор и подигање на јавна свест.

• **Бучава -** Потреба од систематско мерење по зони и мерки за намалување на бучава во чувствителни подрачја.

• **Зеленило -** Потреба од системско планирање,стратегија, подигање и одржување на зелени површини со јасни стандарди.

• **Почва и вода -** Потреба од превенција и брзо постапување на критични точки каде отпад и притисоци влијаат на почвата и водотеците.

## 2.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел е постигнување повисок степен на решавање на состојбите во сферата на животната средина и зачувување на квалитетот на медиумите на животната средина, со што се заштитува здравјето и се подобрува квалитетот на живот на граѓаните.

## 3.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ги утврдува мерките и активностите за 2026 година за:

• Заштита и подобрување на квалитет на амбиентен воздух

• Управување со отпад и намалување на диви депонии

• Заштита од бучава

• Подигање на јавна свест и вклучување на заедницата

• Здравје и благосостојба во контекст на животна средина

• Унапредување на зелени површини и урбано зеленило

• Почва и вода, превенција и постапување по критични точки

• Спроведување на законски процедури и издавање акти во надлежност на општината

• Развој и спроведување проекти од обласа на животната средина

## 4.ПРИНЦИПИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ

• Законитост и транспарентност

• Превенција и брза реакција на ризици

• Мерливост, индикатори и јавна отчетност

• Соработка со институции, јавни претпријатија,граѓански сектор и бизнис заедница

• Приоритет на мерки со директен ефект врз здравјето и квалитетот на живот

## 5.ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 5.1.Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух

**5.1.1.** Реализација на мерки од Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (2023 до 2028). Мерките се реализираат континуирано. Дел од мерките се преточени во конкретни активности и буџетски ставки во оваа Програма.

**5.1.2.** Изработка на Краткорочен акционен план за чист воздух

Краткорочниот план ќе дефинира:

- Активирање на мерки при праг на информирање и праг на алармирање
- Мерки по сценарио, инспекции, палење отпад, градилишта, сообраќај, јавна комуникација
- Одговорности по институции и служби. Рокови за постапување во 24 часа, 72 часа и 7дена
- Рокови за постапување
- План за информирање на јавноста со стандарден формат на соопштенија
- Квартална проверка и ажурирање

**5.1.3.** Информација за квалитет на воздух и јавни соопштенија

Изготвување информација врз основа на мерењата од државната мрежа и редовно информирање при надминувања.

**5.1.4.** Засилени инспекциски надзори во периоди на надминувања

Засилени контроли на инсталации со Б интегрирани еколошки дозволи и одобрени елаборати кои се во надлежност на Општина Битола.

**5.1.5.** Ажурирање на Катастар на загадувачи

Континуирано ажурирање и проширување на податоци и следење на изворите на загадување во надлежност на општината.

**5.1.6.** Намалување на емисиите од сообраќајот

Активности во соработка со надлежни служби:

- Денови без автомобили и промотивни настани
- Подобрување на пешачка мобилност и безбедност
- Рехабилитација на критични делници согласно приоритети
- Утврдување локации за пешачки зони и велосипедски рути каде е изводливо

**5.1.7.** Субвенционирање на инвертер клима уреди за домаќинства.

Субвенциите се мерка за намалување на загадувањето од индивидуално затоплување.

**5.1.8.** Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства.

Мерка за подобрување на енергетска ефикасност и намалување на потреба за греење. Се спроведува преку јавен повик со јасни критериуми и рангирање.

**5.1.9** Субвенционирање на велосипеди.

Мерка за стимулирање превоз без емисии.

## 5.2.Управување со отпад

**5.2.1** Спроведување на мерки од Локален акционен план за управување со отпад

Активности во соработка со ЈП Комуналец и партнерски организации, со насоченост кон подобрување на услугите и усогласување со ЕУ стандарди.

**5.2.2** Зелени поени, вендинг машини со Пакомак

Континуитет на активност од 2024 година, со промотивни кампањи за зголемување на користење и собирање амбалажа.

**5.2.3** Поставување на подземни садови за комунален отпад

Поставување на подземни садови и уредување на јавни простори во ЦГП во соработка со ЈП Комуналец.

**5.2.4** Мапирање на локации со неправилно одлагање отпад

Идентификација и евиденција на локации каде се одлага комунален, животински, градежен и опасен отпад, со проценка на ризик.

**5.2.5** Приоритетна листа на диви депонии и решенија за санација

Изработка на листа со приоритети, тип на отпад, потребни мерки и рокови.

## 5.3.Заштита од бучава

**5.3.1** Мапирање на локации и план за мерење по зони

Ажурирање на локации за мерење во различни зони, со дневни и ноќни мерења. Во мерењето се вклучува Центар за јавно здравје Битола.

**5.3.2** Извештај и препораки

Изработка на годишен извештај со препораки и листа на приоритети за постапување.

## 5.4.Подигање на јавната свест за значењето на животната средина

**5.4.1** Соработка со НВО и еколошки календар

Реализација на проекти,манифестации и одбележување еколошки денови.

**5.4.2** Еколошки конкурси

Конкурс за творби и идеи на тема екологија со јасни правила, награди и промоција

**5.4.3** Кампања против палење отпад и користење несоодветни горива Кампања со мерлив опфат, во соработка со институции.

**5.4.4** Кампања за селекција на отпад

Едукативни настани во градинки, училишта и медиуми, во согласност со локалниот план за отпад.

**5.5.Здравје и благосостојба на луѓето**

**5.5.1** Кампањи за заштита од ризици по здравје поврзани со животната средина

Активности во соработка со Центар за јавно здравје Битола, со јасни теми и годишен план.

**5.6.Унапредување на зелени површини - Урбано зеленило**

**5.6.1** Изработка на Стратегија за развој на зеленило.

Изработка согласно законска обврска, со дефинирани приоритети, стандарди за одржување и план за имплементација.

**5.6.2** Подигнување и одржување на нови зелени површини

Пошумување и уредување во соработка со ЈКП Комуналец. Ќе се утврдат локации, број садници и план за одржување. Ќе се следи процент на преживување на садниците.

**5.7.Почва и вода, превенција и критични точки**

**5.7.1** Евиденција на критични точки

Теренска евиденција на локации каде отпадот и притисоците влијаат на почвата и водотеците, со приоритет на повторувачки случаи.

**5.7.2** Координација за постапување

Координација со надлежни институции и служби за постапување по критични точки согласно надлежности.

**5.7.3** Јавен преглед на приоритети и јавна приоритетна листа и статус на постапување, во формат разбирлив за граѓаните.

## 6.СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ

**6.1** Издавање Б интегрирани еколошки дозволи

Спроведување постапки согласно закон, со вклучување на овластени инспектори за контроли и

следење.

**6.2** Одобрување елаборати за заштита на животната средина

Водење на постапките и изготвување решенија согласно закон, во надлежност на Градоначалникот.

## 7.ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**7.1** Спроведување ЛЕАП 2 (2023 до2028)

**7.2** План за подобрување на квалитет на воздух (2023 до 2028)

**7.3** Локален акционен план за отпад (2023 до 2025) и активности на продолжување

**7.4** Катастар на загадувачи,континуитет на ажурирање

**7.5** Акција Генералка викенд, континуитет и меморандум 2026 до 2029

**7.6** Општините како двигатели за одрживиот развој" – Паметни решенија за регионална соработка и модерно управување со отпадот

## 8.**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето се врши од:

• Буџет на РСМ

• Буџет на Општина Битола

• Средства од заинтересирани правни и физички лица прифатливи за општината

• Донации

• Буџет на РСМ

• Меѓународни фондови

## 9. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## 10.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, согласно потреби и стратегија на Општина Битола.

За реализација на оваа Програма е задолжен Градоначалникот на Општина Битола.

Годишната програма ќе биде објавена во ,,Службен гласник,, на Општина Битола.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општината Битола.

**Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2026година**

| | | |
|---|---|---|
| | **Програма за животна средина** | **426990 R1** |
| 1. | Изработка на Стратегија за развој на зеленило | **1.500.000,00денари** |
| 2. | Кофинансирање во Проект "Општините како двигатели за одржливиот развој" – Паметни решенија за регионална соработка и модерно управување со отпадот | **250.000,00денари** |
| 3. | Кампања за подигање на јавната свест за заштита на животната средина, управување со отпад... – Еколошки конкурси (есеј, пријави идеја.....) | **100. 000,00 денари** |
| 4. | Здравје и благосостојба на луѓето - Кампања за подигање на јавната свест за заштита од хронични заболувања | **150. 000,00 денари** |
| | **Субвенции** | **464990 R1** |
| 5. | Субвенционирање на инвертер клима уреди | **3.000.000,00 денари** |
| 6. | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | **1.000.000,00 денари** |
| 7. | Субвенционирање на велосипеди | **1.000.000,00 денари** |
| 8. | Субвенционирање зелени поени Проект поставување на вендинг машини со Пакомак | **1.500.000,00 денари** |
| | **Програма за заштита на животна средина** | **426990 RA** |
| 9. | Поставување на подземни садови за комунален отпад | **3.000.000,00 денари** |
| | **Вкупен буџет** | **11.500.000,00 денари** |

Програмата влегува во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола"

Бр 09-137/24
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски